1.

Дождот се истури врз прославата без најава со грмотевица. Никој од поканетите гости не забележа кога облаците се собраа над темната шума кај ридовите. Седевме на долга трпеза на ливадата кога капките почнаа да удираат по нас. Јадевме шпагети „ала китара“, шишињата веќе беа полупразни. Среде везениот чаршаф мирисаше ловоровиот венец што Пјеро го извади по фотографирањето. Откако паднаа првите капки, погледна во небото, а потоа во мене, веднаш до него. Се растовари од палтото и од вратоврската, ја откопча јаката на кошулата и ги засука ракавите сè до лактите. Неговата кожа блескаше од сјај и добро здравје. Тој малку отспа, и јас дремнав со него, но дури пред да се раздени. Додека се будев, на моменти веќе не бев свесна која сум, кого сакам и дека почнува еден среќен ден.

Пјеро ме погледна, запрепастен од невремето. Зрно град падна право во неговата чаша со вино. Некои продолжија да крцкаат со устите, не беа сигурни што да прават. Сестра ми веќе беше на нозе, ги собираше овалните чинии со преостанатите тестенини и кошничките со леб и ги ставаше на сигурно во кујната на приземјето. Се засолнивме под настрешница, додека Адријана и понатаму трчкаше час внатре – час надвор, носена од ветрот. Ја штитеше храната од невреме, не беше научена да се расфрла.

Таман се пружив да ѝ ги земам и последните послужавници од раце, дел од олукот се сруши врз мене. Крвта од повредената јаболчница се лизна надолу на

градите и се измеша со дождовницата. Избрав бел фустан за таа пригода. Добро ми стоеше, така рече Адријана утрото, беше еден вид проба за венчалниот. Бевме пристигнале порано за да помогнеме во подготовките. Од прозорецот погледнав кон ластовиците што летаа ниско и тивко, го насетија дождот. Мајката на Пјеро, напротив, воопшто не очекуваше, настојуваше дипломската на синот да ја прослави на нивната викендичка.

Чувам една фотографија од нас двајцата како гледаме вљубено еден во друг, Пјеро со ловоровиот венец на главата и преданост во погледот. На работ се гледа Адријана, влезе во кадарот во последен момент, нејзиниот лик е во движење, од косата останува темна трага. Никогаш не знаеше да биде дискретна, се вмешуваше во сè што има врска со мене, вклучувајќи го и Пјеро. За неа тој беше нешто како брат, само пољубезен. На сликата безгрижно се смее кон објективот, несвесна за она низ што ќе минеме. Ја зедов фотографијата со себе на ова патување, тројца млади луѓе затворени во внатрешниот џеб на чантата.

Многу години подоцна јас и Адријана го пронајдовме истиот фустан помеѓу оние што веќе не ги носам, на ткаенината од дамката крв останал светол круг.

„Тоа беше знак“, рече додека ми мавташе со него пред очи.

2.

Не успевам да заспијам во оваа хотелска соба. Истоштеноста ме соборува, но набргу потоа се штрекнувам, ги ококорувам очите во мракот. Оттогаш помина многу време, и дипломската прослава на Пјеро е бледо сеќавање, или нејасен сон. По телефонскиот повик што го добив вчера, можеби и не можам во ништо повеќе да ја утврдам вистината. Под вратата продира слабата светлина од ходникот и придушен тропот на чекори. Минуваат други сеќавања, збиени, хаотични. Сеќавањето си бира свои карти од шпилот, ги меша, знае и да мами понекогаш.

Цел ден патував по различни возови, ги слушав објавите на звучникот, првин на француски, потоа на италијански. Пред очи секавично ми минуваа имињата на помалите станици каде што не застанавме, некои не стигнав ни да ги прочитам. Одеднаш, попладне, погледот преку прозорчето се исполини со море, Јадранското и неговите набори, наместа дури толку блиску до железницата. Минувајќи низ регионот Марке, повторно ја доживеав оптичката илузија на зградите навалени кон плажата, како да беа привлечени од водата. Адријана не знае дека пристигнав. Утре ќе одам кај неа, но не и во Јужно Предградие.

Тука во хотелот ме прашаа дали сакам да јадам, реков дека сум многу уморна за да слезам на вечера. Силниот и љубезен Абруцо чукна на вратата додека гледав вести на телевизија, преку една русокоса девојка ми донесе чајни колачиња и топло млеко. Не додадов шеќер, веќе беше доволно слатко. Со мали

голтки го густирав вкусот на првата храна, не очекував дека ќе ми пружи толку утеха.

Кристоф вели дека млекото е штетно за возрасните и дека само човекот е толку глупав што продолжува да го пие и откако ќе престане да цица. Но, потоа го видов кога излезе на одмориштето, грицкаше чипс од кеса. Тој е мојот француски комшија, работи на синхротронот во Гренобл. Делиме еден мачор и грижата за неколку билки што живеат меѓу нашите врати. Му оставив ливче со порака пред да заминам, сега тој ќе треба да се занимава со нив.

Пјеро, пак, сакаше млеко, понекогаш, кога се враќаше доцна навечер и велеше: „Ќе земам само млеко и чајни колачиња."

Дома секогаш имавме различни вкусови на колачиња, ни беа за појадок. Ги топеше едно по едно во шолјата, ги држеше меѓу показалецот и палецот и ми раскажуваше како му поминал денот.

Станот во кој живеевме како брачен пар не е далеку одовде. Низ главата си ги минувам сите споредни улици што ја делат оваа улица од Улица Sapa. Од тој стан ми остана толку прецизна слика што дури и денес би можела да направам список со детали: напукнатата плочка во бањата што испушташе тап звук кога ќе се нагазне, разиграната светлина на ѕидот во текот на денот. Првиот будилник за нас беше кревкиот удар на прозорецот кога сонцето ќе се појавеше за да го стопли, а стаклото неочекувано се шириле. Пјеро почнуваше да се врти, протестираше што мора да станеме. Дишевме синкав воздух, влегуваше низ балконот што гледа кон морето. Пареата од морето се шириле во нашиот дом.

Сега соленикавиот мирис го нема, а шумот на брановите речиси не допира од надвор.

Ниту онаа ноќ не спиев, креветот беше прешироК. Тоа беше нашето трето лето таму, не мирисаше

повеќе на нов мебел, а и првичниот сјај на шпоретот исчезна. Пјеро беше покрај татко му, во болницата. Во најмрачниот момент пред да се раздени некој го исфрлуваше сиот свој бес врз ѕвончето. Го извика неговото име и веќе следниот миг се качи на катот, до мене допираше звукот на нервозните чекори зад вратата, и забревтано дишење. Почекав малку пред да го свртам клучот и да ја ослободам бравата, од другата страна таа мрмореше нешто налутена. Ја немав видено сестра ми повеќе од година дена. Како девојчиња бевме неразделни, потоа научивме да се напуштаме. Таа умееше со месеци да ме остави без никаква вест за себе, но никогаш за толку долго време. Изгледаше како да е водена од некој номадски порив – кога некое место веќе не ѝ одговараше, го напушташе. И мајка ни одвреме-навреме ќе ѝ речеше: „и си Циганка.“ А и јас бев малку, само на друг начин.

Влета набрзина, со стапалото ја турна вратата наназад и ја затвори зад себе. Така една од папучите што ги носеше ѝ испадна и остана превртена на подот. Детето ѝ спиеше в раце, голите и мирни ножиња беа потпрени крај слабото тело на Адријана, а главата под нејзината брада. Тоа беше нејзин син, а јас не ни знаев дека родила.

Не можев ни да замислам каков пресврт започнува во тој момент – да можев да предвидам, веројатно ќе ги оставев надвор. Адријана се замислуваше дека е некој ангел воин, кој, всушност, беше само непромислен и повредуваше дури и по грешка. Којзнае, да не дојдеше, можеби немаше да се случи ни сето останато.

Нашата последна средба заврши со караница, ја барав неколку недели подоцна, но не ја најдов. Чекав некој потег од нејзина страна. Никој од нашите заеднички познаници ја немаше видено во градот, но одвреме-навреме им праќаше разгледници на на-

шите родители, горе во селото. Ми ги покажуваа кога одев кај нив – пристаништето на Пескара, *Pescara by night*. Многу поздрави од ќерка ви и нашкрабан потпис. Знаеше дека ќе ги прочитам, беа за мене – доказ дека е жива и во близина.

Таа го направи првиот потег во јуни, во три часот наутро. Не знам колку време можев да стојам така да ги гледам, неподвижна и занемена. Свртено со грб, детето личеше на една голема кукла, една од оние што мајка му никогаш не ги имала како мала.

Скоро и да не ја препознав, на главата носеше полудеформиран сламен шешир, со избледени вештачки цветови на широкиот обод и распарани конци од една страна. Сепак, очите под шеширот беа нејзини, светли и зајадливи, само пошироко отворени како кога се плаши.

Ме праша за Пјеро, ѝ кажав каде се наоѓа. Тогаш се изнервира што стоиме и двете толку многу време на влезот, речиси помина преку мене. Не го заборавила местото каде што дојде неколку пати, се упати право во спалната соба. Го стави детето на кревет и го покри со прекривката, па нагло седна до него. Бев пред неа, а таа не зборуваше, рацете ѝ беа на испотеното лице, лактовите на колена, а крај стапалата – торбата што ѝ паѓаше од едното рамо.

„Што се случи?“, се обидов да ја прашам.

Не ми одговори, се упати кон прозорецот за да ги сокрие солзите. Трепереше малку, плешките ѝ стрчеа под ноќницата, која личеше на летен фустан. Со работ од шеширот удри во стаклото, ѝ падна од главата. Со само едно движење на ножиците над десното око, грубо беше пресечен прамен од косата долга до рамениците, како фризерката да сакала да се пошегува, но неуспешно. Веднаш си ја покри лузната, не обрнувајќи внимание на изразот на мојата зачуденост. Се слушна кревок шум, детето под прекривката се от-